Бр. **20- 374/4**
Скопје, 13.04.2023 година

З А П И С Н И К
од седница на ЦИК одржана на ден 03.04.2023 година

Седницата ја отвори претседателот на Комисијата, д-р Ненад Цветановски, кој евидентираше присуство на членовите и тоа: д-р Костадин Митев, д-р Милан Нацевски и д-р Ибела Факиќ. Оправдано отсуство најави д-р Ридван Алили.

Седницата започна во 13:00 часот, а откако утврди кворум за работа, претседателот на ЦИК, д-р Цветановски, го предложи следниот дневен ред:

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 20.03.2023 година;**
2. **Утврдување на датуми за одржување на Собири на доктори по Регионални одбори, изготвување на обрасци за одржување на Собири на доктори и начин на доставување на документите потребни за одржување на Собирите;**
3. **Утврдување на КОНЕЧЕН ИЗБИРАЧКИ СПИСОК;**
4. **Разно.**

Предлог-дневниот ред беше едногласно усвоен од присутните, без измени и дополнувања.

1. Усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 20.03.2023 година

Записникот од претходната седница на ЦИК, одржана на ден 20.03.2023 г., едногласно беше усвоен, без забелешки од присутните членови на Комисијата.

2. Утврдување на <u>датуми за одржување на Собири на доктори</u> по Регионални одбори, изготвување на <u>обрасци</u> за одржување на Собири на доктори и начин на <u>доставување на документите</u> потребни за одржување на Собирите;

Претседателот на Комисијата, д-р Цветановски, ги информираше присутните членови дека на официјалната е-маил адреса на ЦИК – cik@skm.mk пристигнати се известувања за датум и време на одржување на Собирите на доктори по региони, согласно Известувањето кое Комисијата го испрати до сите претседатели на Регионални одбори да доставаат предлози за одржување на Собирите.

Согласно доставените известувања од претседателите на регионалните одбори до ЦИК, д-р Цветановски ги извести членовите на Комисијата дека Собирите на доктори ќе се одржуваат во периодот од 05.04.2023 г. до 12.04.2023 г ., и тоа:

РАСПОРЕД ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СОБИР НА ДОКТОРИ ПО РЕГОИНАЛНИ ОДБОРИ

РЕД. БР.	РЕГИОНАЛЕН ОДБОР	ОПШТИНИ ВО СОСТАВ НА Р.О.	ДАТА	ЧАС	МЕСТО
1	**ДЕЛЧЕВО**	Делчево, Берово и Пехчево и Македонска Каменица	4/5/2023	18:00	Здравствен дом Гоце Делчев, Делчево
2	**БИТОЛА**	Битола, Могила, Новаци, Ресен и Демир Хисар	4/5/2023	19:00	Ресторан Корзо Битола
3	**ВЕЛЕС**	Велес, Градско и Чашка	4/5/2023	18:00	Конгресна сала на Општина Велес
4	**ГЕВГЕЛИЈА**	Гевгелија, Дојран, Валандово и Богданци	4/7/2023	20:00	Ресторан Кларинго, Валандово
5	**ГОСТИВАР**	Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша, Дебар и Центар Жупа	4/7/2023	20:30	Ресторан Империјал Гостивар
6	**КАВАДАРЦИ**	Кавадарци, Росоман, Неготино и Демир Капија	4/7/2023	14:00	Хотел Ангро Палас Кавадарци
7	**КИЧЕВО**	Кичево	06/04/2023	20:00	Дом на Култура - Кочо Рацин (мала сала), Кичево.
8	**КОЧАНИ**	Кочани, Виница, Зрновци и Чешиново - Облешево	4/5/2023	20:30	Хотел City Inn, Кочани
9	**КУМАНОВО**	Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково	4/7/2023	14:00	Поранешен комитет
10	**ОХРИД**	Охрид и Дебарца	4/10/2023	13:30	Сала на Општина Охрид
11	**СТРУГА**	Струга и Вевчани	4/8/2023	18:00	Хотел Београд, Струга
12	**СТРУМИЦА**	Струмица, Василево, Босилово и Новоо Село	06/04/2023	19:00	Дом на АРМ, Струмица
13	**ТЕТОВО**	Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце	06/04/2023	16:00	Ректорат на ДУТ
14	**ШТИП**	Штип, Карбинци, Радовиш и Конче	06/04/2023	13:00	Здравствен дом Штип
15	**СВЕТИ НИКОЛЕ**	Свети Николе, Лозово, Пробиштип	4/5/2023	17:30	Здравствен дом Свети Николе
16	**ЦЕНТАР**	Центар	4/5/2023	18:00	Поликлиника Идадија, Скопје
17	**КАРПОШ**	Карпош, Ѓорче Петров и Сарај	06/04/2023	20:00	Факултетот за туризам и менаџмент, Скопје
18	**КИСЕЛА ВОДА**	Кисела Вода, Сопиште, Студеничани и Зелениково	4/5/2023	20:00	Урбана заедница „11. октомври згради" Кисела Вода
19	**АЕРОДРОМ**	Аеродром	06/04/2023	19:00	Поликлиника Јане Сандански
20	**ГАЗИ БАБА**	Гази Баба, Илинден, Петровец и Арачиново	4/5/2023	16:00	ПЗУ д-р Горан Скопје

21	**ЧАИР**	Чаир, Бутел, Шуто Оризари и Чучер-Сандево	4/11/2023	16:30	Зграда на Општина Чаир
22	**ПРИЛЕП**	Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Македонски Брод и Пласница	4/7/2023	18:00	Градска библиотека Борка Талески (Дом на култура), Прилеп

Присутните членови на Комисијата ги потврдија датумите на одржување на Собирите на доктори за сите Регионални одбори и одредија претставници на ЦИК кои ќе присуствуваат на Собирите, а ќе ги достават и материјалите потребни за одржување на Собирите. Табелата да се објави на веб-страната на Комората.

Документите потребни за одржување на Собирите на доктори *(Конечен избирачки список за соодветниот Регионален одбор; Упатство за одржување на Собир на доктори; Записник за предавање на документи за одржување на Собир на доктори на РО; Листа за евидентирање на присутни доктори, бланко Записник за одржување на Собир; бланко Листа на предложени кандидати за членови на РО и делегаи; бланко Листа на предложени кандидати за членови на РИК и ИО; бланко Изјави за прифаќање на кандидатура, бланко CV)* ќе се доставуваат од страна на претставник на ЦИК или на Комората до претседателите на РО или ќе ги подигнат од СКМ.

3. Утврдување на КОНЕЧЕН ИЗБИРАЧКИ СПИСОК

По завршеното ажурирање на податоците на спроведениот јавен увид, ЦИК го заклучува избирачкиот список кој станува **конечен избирачки список** и истиот ќе се употребува за одржување на Собирите на доктори на региони и изборите за членови на Регионалните одбори и делегати во Собранието на Комората. Списокот ги содржи членовите на Комората кои имаат **платено членарина заклучно со 2022 година**, согласно член 15 од Статутот на СКМ.

Конечниот избирачки список да се објави на веб-страната на Комората.

Претседателот на ЦИК, д-р Цветановски ги задолжи вработените во Стручната служба да испратат **смс-пораки** со податоци за време и место на одржување на Собирот во соодветниот регион на сите членови на Комората запишани во конечниот избирачки список, најдоцна два дена пред одржување на Собирите.

Членовите на ЦИК донесоа **заклучок**, поради можна техничка грешка при евидентирање на платена членарина на Стручната служба на Комората, сите доктори кои што сметаат дека неоправдано не се наоѓаат на избирачкиот список, може да учествуваат во изборниот процес и да присуствуваат на собирот на доктори, доколку приложат документ за платена членарина заклучно со 2022 година (изводи за уплатите од банка, уплатница и сл).

4. Разно.

- Разгледување на добиено Известување бр. 20-392/1 од 31.03.2023 г. од Иницијативен одбор Прилеп

Согласно член 13 став 2 од Правилникот за избори бр. 02-302/6, доколку претседателот на регионалниот одбор не го закаже или од друга причина не може да го води собирот,

Собирот на доктори на регионот го води лице определено од ЦИК и кој по отварањето на седницата предлага избор на записничар.

Од причина што на претседателката на РО Прилеп и е изречена мерка од Судот на честа на Комората-забрана за учество во работата на органите во Комората, Собирот на доктори за Регионален одбор Прилеп, за подрачјето на општините: Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Крушево и Македонски Брод ќе го води претседателот на Централната изборна комисија, д-р Ненад Цветановски, заедно со членовите на Комисијата и тоа: д-р Милан Нацевски и д-р Ибела Факиќ.

- Претседателот на Комисијата ги извести членовите на Комисијата дека од вработените во Стручната служба добил известување дека се ставени вон употреба печатите на Регионалните одбори кои биле изработени со помали димензии од предвидените 4 cm со одредбите на Статутот на Комората. Од таа причина, изработени се НОВИ печати со димензии 4 cm и истите, претставниците на ЦИК ќе ги доставаат до претседателите на Регионалните одбори (или нивни претставници) пред одржување на Собирите, заедно со останатите материјали.

Следната седница на Централната изборна комисија се закажува за ден **13.04.2023 г.** (четврток) во 09:00 часот.

По исцрпување на дневниот ред, претседателот на ЦИК, д-р Цветановски, ја затвори седницата.

Седницата заврши во 14:10 часот.

Записничар, _____

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Централната изборна комисија
Претседател,
д-р Ненад Цветановски
М.П. _____